**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на трет циклус - докторски студии**
**на студиските програми**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**
**во академската 2016/2017 година**

**Скопје, август 2016**

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Одлуката на Ректорската управа донесена на 204.седница, одржана на 18.4.2016 година, и Одлуката од Владата на Република Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 42-6103/1 од 17.8.2016 година (Сл. весник бр. 158 од 22.8.2016 година), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2016/2017 година

## I. Студиски програми, број на студенти и износ на трошоците за студирање

| Студиска програма (организатор/и) | Број на студенти | Износ на трошоците за студирање во евра* |
|---|---|---|
| | | |
| **Научно подрачје на природно-математички науки** | | |
| **Биологија** – Природно-математички факултет<br>*Биологија-молекуларна биологија*<br>*Биологија-екологија*<br>*Биологија-таксономија*<br>*Биологија-биохемија и физиологија* | <br>22<br>29<br>17<br>25 | 5.000 |
| **Физика** - Природно-математички факултет | 10 | 3.650[3] |
| **Географија** - Природно-математички факултет | 13 | 3.800 |
| **Хемија** - Природно-математички факултет | 41 | 4.950[4] |
| **Математички науки и примена** - Природно-математички факултет | 10 | 4.260 |
| **Информатика** - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 37 | 4.750[1] |
| | | |
| **Научно подрачје на техничко-технолошките науки** | | |
| **Градежништво** - Градежен факултет<br>*Градежништво,модул конструкции*<br>*Градежништво, модул хидротехника*<br>*Градежништво, модул геотехника*<br>*Градежништво, модул сообраќајно инженерство* | 24 | 4.500 |
| **Земјотресно инженерство** – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија | 15 | 4.500 |
| **Металургија** - Технолошко-металуршки факултет | 10 | 4.500[5] |
| **Технологија** - Технолошко-металуршки факултет | 10 | 4.500[5] |
| **Компјутерски науки и инженерство** - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 37 | 4.750[1] |
| **Машинство** - Машински факултет | 29 | 4.550[2] |
| **Индустриско инженерство и менаџмент** - Машински факултет | 2 | 4.550[2] |
| **Електротехника и информациски технологии** – Факултет за елетротехника и информациски технологии | 45 | 4.550[1] |

| | | |
|---|---|---|
| **Метрологија** - Факултет за елетротехника и информациски технологии | 13 | 4.550[1] |
| | | |
| **Научно подрачје на медицински науки и здравство** | | |
| **Медицина** – Медицински факултет<br>*Медицински науки и здравство-клиничка медицина*<br>*Медицински науки и здравство-молекуларна медицина*<br>*Медицински науки и здравство-базична медицина* | 58 | 5000/3000[6] |
| **Јавно здравство** – Медицински факултет | 8 | 5000/3000[6] |
| **Стоматологија** - Стоматолошки факултет<br>*Стоматологија- стоматолошка протетика*<br>*Стоматологија- орална хирургија*<br>*Стоматологија-максилофацијална хирургија*<br>*Стоматологија - дентална патологија*<br>*Стоматологија-орална патологија и парадонтологија*<br>*Стоматологија – ортодонција*<br>*Стоматологија - детска и превентивна стоматологија* | 34 | 5.000[2] |
| **Фармација –** Фармацевтски факултет | 8 | 4.000[7] |
| | | |
| **Научно подрачје на биотехнички науки** | | |
| **Растителна биотехнологија** - Факултет за земјоделски науки и храна | 15 | 5.000 |
| **Агроекономика** - Факултет за земјоделски науки и храна | 6 | 5.000 |
| **Менаџмент на природни ресурси и заштита животна средина во земјоделството** - Факултет за земјоделски науки и храна | 18 | 5.000 |
| **Квалитет и безбедност на земјоделски производи** - Факултет за земјоделски науки и храна | 23 | 5.000 |
| **Заштита на растенијата (фитомедицина)** - Факултет за земјоделски науки и храна | 8 | 5.000 |
| **Анимална биотехнологија** - Факултет за земјоделски науки и храна | 15 | 5.000 |
| **Ветеринарна медицина** - Факултет за ветеринарна медицина | 13 | 5.650/ [1] |
| **Безбедност на храна** - Факултет за ветеринарна медицина | 3 | 5.650/ [1] |
| | | |
| **Научно подрачје на општествени науки** | | |
| **Политички науки** – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 13 | 5.650 |
| **Правни науки** – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 23 | 5.650 |
| **Комуниколошки науки** – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 21 | 5.650 |
| **Педагогија** – Филозофски факултет | 13 | 5.000 |
| **Психологија** - Филозофски факултет | 6 | 5.000 |
| **Социологија –** Филозофски факултет | 6 | 5.000 |
| **Безбедност, одбрана и мир** – Филозофски факултет | 8 | 5.000 |
| **Социјална работа; социјална политика** – Филозофски факултет<br>*Социјална политика*<br>*Социјална работа* | 1 | 5.000 |
| **Кинезиологија** – Факултет за физичко образование, спорт и здравје | 26 | 5.650[2] |
| **Социологија на окружувањето** – Институт за социолошки и политичко - правни истражувања | 4 | 4.900 |
| **Социологија на организација** – Институт за социолошки и политичко - правни истражувања | 3 | 4.900 |
| **Демократија во услови на глобализација** - Институт за социолошки и политичко - правни истражувања | 8 | 4.900 |
| | | |
| **Научно подрачје на хуманистички науки** | | |
| **Историја на уметноста и археологијата** – Филозофски факултет | 14 | 5.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **Историја на Македонија** – ЈНУ Институт за национална историја | 27 | 4.500 |
| **Филозофија** - Филозофски факултет | 2 | 5.000 |
| **Наука за книжевност -** Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 19 | 4.500 |
| **Класична и византиска книжевност** – Филозофски факултет; **Класична и микенска филологија** – Филозофски факултет | 13 | 5.000 |
| **Македонистика** - Институт за македонска литература, ЈНУ Институт за македонски јазик и Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 36 | 4.500 |
| **Наука за јазикот** - Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 26 | 4.500 |
| **Музичка интерпретација и композиција** – Факултет за музичка уметност | 20 | 5.650 |
| **Музички науки** – Факултет за музичка уметност | 8 | 5.650 |
| **Сценскоизведувачки уметности** – Факултет за драмски уметности | 7 | 4.300[1] |
| **Аудиовизуелни уметности** - Факултет за драмски уметности | 2 | 4.300[1] |
| **Продукција на сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности** - Факултет за драмски уметности | 2 | 4.300[1] |
| **Културна историја на Македонија** – ЈНУ Институт за национална историја | 27 | 4.500 |
| | | |
| **Интердисциплинарни науки** | | |
| **Културолошки студии** - ЈНУ Институтот за македонска литература | 17 | 4.500 |
| **Етнологија и антропологија** – Природно-математички факултет | 4 | 4.300[3] |

* Во износот на трошоците за студирање вклучени се трошоците за: организирање на наставата, работилници и семинари, менторот, комисиите и единиците-организатори на истражувањето, раководење на студиската програма, Школа за докторски студии, обука за истражување, едукација, а не се вклучени материјалните трошоци за истражувањето на темата.
Единицата утврдува посебни износи за истражувањето на кандидатите, зависно од научната област.

1) доплата за коментор 250 евра
2) доплата за коментор 500 евра
3) доплата за коментор 300 евра
4) во износот се вклучени 1.000 евра за истражувањето во рамките на докторската теза
5) за организирање на истражувањето во рамките на докторската теза дополнителни 500 до 1 500 евра
6) Школарината за студирање на третиот циклус студии-докторски студии изнесува 5000 евра во денарска противвредност за 6 семестри, односно 3000 евра во денарска противвредност за 4 семестри за оние кои имаат завршено магистерски студии и на кои им се признаваат 60 ЕКТС
7) за истражувањето во рамките на докторските студии дополнителни 2.000 евра во денарска проиввредност

**II. Листата на потенцијални ментори со број на слободни места по студиски програми и потпрограми е објавена на:**

http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=152&glavno=8

## III. Услови и начин на запишување студенти

**1.** Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат следниве **основни услови и критериуми**:

- завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит- трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС- кредити );
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит- трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација;

- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (I и II циклус на студии, односно додипломски и постдипломски студии);
- познавање на еден од светските јазици. Доказ за познавање на светски јазик е:
  - сертификат од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, или
  - меѓународен сертификат, или
  - диплома за претходно стекнато образование додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), завршено на еден од светските јазици.

**2. Дополнителни критериуми во зависност од спецификите на научната област, а кои кандидатите треба да ги исполнуваат, покрај општите/основни услови и критериуми:**

**<u>Географија:</u>**

- потребно е кандидатите да имаат претходното образование да биде од подрачјата на природно-математичките науки, техничко-технолошките науки или општествените науки.

Советот на Студиската програма од трет циклус – докторски студии по географија го задржува правото да процени кој кандидат (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по географија (ова особено се однесува за кандидати чие претходно образование нее од областа на географијата.

**<u>Физика:</u>**

- потребно е кандидатите да имаат и:
  - завршен втор циклус студии / постдипломски студии од полето на физика, и
  - завршен втор степен на студии на сродни факултети, при што сродноста ја утврдува Институтот за физика, а ја објавува ПМФ.

**<u>Психологија:</u>**

- потребно е кандидатите да имаат и:
  - завршено први втор циклус студии на студии од областа на психологијата ( со стекнати 300 кредити од кои минимум 180 до 240 кредити од психолошки предмети);
  - кандидатите кои имаат минимум 80 кредити од психолошки предмети полагаат диференцијален испит кој вклучува содржини од сите основни психолошки дисциплини. Овие кандидати во исто време треба да имаат обајвено и минимум два рецензирани научни трудови од областа на психологијата.

**<u>Педагогија:</u>**

- потребно е кандидатите да имаат:
  - на додипломски и постдипломски студии, да има просек од најмалку 8,00;
  - познавање на англиски јазик;
  - издаден труд во стручно списание.

**<u>Филозофија:</u>**

- потребно е кандидатите да имаат:
  - завршени студии од прв циклус по филозофија;
  - завршени студии од втор циклус по филозофија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки;
  - предност при уписот ќе имаат кандиатите со повисок просечен успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања од полето на филозофијата, како: објавени трудови, учество во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни конференции и сл.

**<u>Сценскоизведувачки уметности :</u>**

- потребно е кандидатите:

- да ги исполнуваат и критериумите за студент на докторски уметнички студии, за што се пополнува листа на уметнички постигнувања.;
- соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

**Продукција на сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности:**

- потребно е кандидатите:
  - да ги исполнуваат и критериумите за студент на докторски уметнички студии, за што се пополнува листа на уметнички постигнувања.;
  - соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

**Аудиовизуелни уметности:**

- потребно е кандидатите:
  - да ги исполнуваат и критериумите за студент на докторски уметнички студии, за што се пополнува листа на уметнички постигнувања.;
  - соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

**Музички уметности:**

- потребно е кандидатите да добијат позитивна оцена од проверка на компетенциите, која се состои од:
  - за инструменти – изведба на рецитал со слободна програма во времетраење од најмалку 60 мин. Програмата се изведува напамет (освен за дувачките инструменти)
  - за соло (вокално) пеење - изведба на рецитал со слободна програма во времетраење од најмалку 60 мин. Програмата се изведува напамет
  - за оркестарско диригирање – портфолио за остварени настапи како диригент со симфониски оркестар на најмалку 2 целовечерни концерти кои вклучуваат и солисти, со времетраење од најмалку 60 мин. и еден концерт со вокално-инструментална композиција со времетраење од најмалку 40 мин.
  - за хорско диригирање - портфолио за остварени настапи како диригент со хорска музика, и тоа: најмалку 2 концерти со различна „А капела“ програма со времетраење од најмалку 80 мин. и еден концерт со вокално-инструментална музика со времетраење од најмалку 40 мин.
  - за композиција - портфолио за композиции со вкупно времетраење од 60 мин., од кои најмалку 2 композиции за симфониски оркестар. Дел од композициите треба да се јавно изведени. Со пријавените кандидати ќе се изврши интервју.

**Историја на уметноста и археологијата :**

- потребно е кандидатите да имаат:
  - најмалку два објавени оригинални научни труда во домашната или странската периодична литература или
  - најмалку еден објавен оригинален научен труд и учество во меѓународен истражувачки проект од областа на историјата на уметноста, археологијата и културните студии или
  - најмалку еден објавен оригинален научен труд и учество на меѓународна научна конференција од областа на археологијата или историјата на уметноста или
  - учество на самостојна изложба во уметничка галерија во земјата или во странство

**Класична и византиска книжевност** :

- кандидатите кои завршиле втор циклус/ постдипломски магистерски студии од друга сродна област, потребно е, и:
  - да полагаат диференцијален испит од старогрчки или латински јазик, зависно од изборот на потесната област на студиската програма;
  - предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на хуманистичките науки, односно во областа на класичната филологија: објавени трудови, учество во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Класична и микенска филологија:**

- кандидатите кои завршиле втор циклус/ постдипломски магистерски студии од друга сродна област, потребно е, и:
  - да полагаат диференцијален испит од старогрчки или латински јазик, зависно од изборот на потесната област на студиската програма;
  - предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на хуманистичките науки, односно во областа на класичната филологија: објавени трудови, учество во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Стоматологија:**

- право за запишување на докторски студии имаат и кандитати кои завршиле:

- според студиските програми до 2003/2004 и се стекнале со диплома *доктор на стоматологија* или со диплома *доктор по стоматологија*, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- според студиските програми од 2010/2011 и се стекнале со диплома *доктор по дентална медицина*, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација.

**Факултет за ветеринарна медицина:**

- право за запишување на докторски студии имаат и кандитати кои завршиле:

- интегриран прв и втор циклус, односно завршен втор циклус на студии од областа на ветеринарната медицина, медицинските науки, природните науки и биотехничките науки;
- според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри и се стекнале со диплома *доктор по ветеринарна медицина* и кои запишале постдипломски магистерски студии;
- лица со завршени соодветни специјалистички студии.

**Фармација:**

- Согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, право да се запишат имаат и:

- лица кои завршиле според студиска програма од 1992/1993 година, во траење од 5 години и се стекнале со диплома *дипломиран фармацевт*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2002/2003 и се стекнале со диплома *магистер по фармација*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт* и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

**Медицина :**

– потребно е кандидатите да имаат и:

- остварен просечен успех од најмалку 8,0 на додипломски студии, и
- остварен просечен успех од најмалку 8,0 на постдипломски студии (доколку кандидатот има завршено).

Согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, право да се запишат имаат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до 2005/2006 година и се стекнале со диплома: *доктор на медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2005/2006 (360 кредити) и се стекнале со диплома: *доктор по медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лицата кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**<u>Јавно здравство</u> :**

– потребно е кандидатите да имаат и:

- остварен просечен успех од 8,0 на додипломски студии, и
- остварен просечен успех од 8,0 на постдипломски студии.

**3. Дополнителни критериуми за кандидатите кои не ги исполнуваат условите од алинеја 4 став 1 член 14 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.245 од 2 мај 2013 год.), во зависност од спецификите на научната област:**

**<u>Хемија :</u>**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:

- завршени додипломски студии пред воведување на ЕКТС и
- завршени постдипломски студии пред воведување на ЕКТС.

**<u>Металургија:</u>**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5, ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:

- завршени додипломски студии од обласга;
- завршени магистерски/постдипломски студии од обласга;
- најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник којпокрива предмети од областа на темата на докторската дисертација;
- најмалку два научни труда од областа на истражување, ојавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или на меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

**<u>Земјотресно инженерство:</u>**

- за кандидатите од странство и кандидати кои имаат завршено додипломски студии пред воведување на ЕКТС (најмалку 9 семестри времетраење на додипломските студии), можат да се запишат доколку имаат збирен среден успех на студирање од додипломски и последипломски студии втор циклус од најмлаку 7,5.

**<u>Електротехника и информациски технологии</u> :**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:

- завршени додипломски студии во траење од 10 семестри (9 настава и еден за изработка на дипломски труд) и
- постдипломски студии во траење од 4 семестри.

**<u>Метрологија</u> :**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:

- завршени додипломски студии во траење од 10 семестри (9 настава и еден за изработка на дипломски труд);
- најмалку три години работно искуство во метрологијата по дипломирањето;
- објавено најмалку два труда во списание или на конференции;
- најмалку една препорака од универзитетски професор.

**<u>Машинство</u> :**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
- завршени додипломски студии;
- завршени магистерски / постдимпломски студии;

- најмалку две препораки од наставници со оценка на особеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
- најмалку два научни труда од обласата на истражување објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или на меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор и не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

**Индустриско инженерство и менаџмент:**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
- завршени додипломски студии;
- завршени магистерски / постдимпломски студии;
- најмалку две препораки од наставници со оценка на особеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
- најмалку два научни труда од обласата на истражување објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или на меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор и не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

## Јавно здравство- Медицински факултет:

- Доктори по медицина или стоматологија со комплетиран втор циклус на студии (освоени 360 кредити) и запишана трета година од специјализација или претходна научно-истражувачка работа потврдена преку публикувани најмалку два in extenso труда во меѓународни списанија достапни на PubMed;
- Доктори по медицина или стоматологија, магистри на науки и магистри на науки од обласата на јавно здравство, како и останати кандидати од области од интерес за јавното здравство со стекнато звање магистри на науки од обласата на јавно здравство (на кандидатите од овој став се признаваат 60 кредити);
- Останати кандидати од области од интерес за јавното здравство со комплетиран втор циклус на студии со стекнати 300 до 360 кредити на соодветни студии или со звање "магистер на науки";

  Лица со завршен Медицински факултет по старата програма, кои немаат завршен втор циклус (последипломски студии), а кои се специјалисти, или имаат претходно искуство во научно-истражувачка работа (печатени најмалку 2 труда in extenso и објавени во меѓународни часописи каде се прв автор).

**Агроекономика :**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
- - најмалку 3 години работно искуство во обласата на агроекономија;
- - најмалку 8,50 просек од групата агроекономски предмети на прв циклус на студии.

**Кинезиологија:**

- кандидатите можат да се запишат на студии на трет циклус и со остварен просечен успех од најмалку 7,5 ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
  - најмалку два научни труда од обласата на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од 5 години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

**Правни науки**

- кандидатите кои завршиле додипломски и постдипломски студии пред воведување на ЕКТС можат да се запишат ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
  - остварен просечен успех од додипломските студии од најмалку 7,5 и
  - остварен просечен успех од постдипломските студии од најмалку 7,5.

**Комуниколошки науки**

- кандидатите кои завршиле додипломски студии пред воведување на ЕКТС можат да се запишат ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
  - остварен просечен успех од додипломските и постдипломските студии од најмалку 7,5 и
  - две препораки од наставници со оценка на особеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
  - најмалку два научни труда од областа на истражување објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или презентирани на меѓународна конференција.

**Психологија:**

- кандидатите да имаат завршено 1. и 2. циклус студии од областа на психологијата со стекнати 300 кредити, од кои минимум 180-240 кредити од областа на психологијата
- кандидатите кои имаат минимум 80 кредити од психолошки предмети се запишуваат на 3. циклус студии по положување на диференцијален испит кој вклучува содржини од сите основни психолошки дисциплини. Овие кандидати треба да имаат објавено и минимум два рецензирани научни труда од областа на психологијата
- активното познавање на англиски јазик се проверува

**Културна историја на Македонија**

- кандидатите кои завршиле додипломски студии пред воведување на ЕКТС можат да се запишат ако го имаат исполнето дополнителниот критериум:
  - остварен просечен успех од додипломските студии од најмалку 7,5 и
  - да има објавено најмалку еден труд (книга,статија, реферат од научен симпозиум или тркалезна маса, научна трибина и сл.), или да се доставaт 2 препораки од членови на Советот на студиската програма.

**Историја на уметноста и археологија**:

- Најмалку два објавени оригинални научни труда во домашната или странската периодична литература или
- Најмалку еден објавен оргинален научен труд и учество во меѓународен истражувачки проект од областа на историјата на уметноста, археологијата и културните студии или
- Најмалку еден објавен оргинален научен труд и учество на меѓународна научна конференција од областа на археологијата или историјата на уметноста или
- Учество на самостојна изложба во уметничка галерија во земјата или странство

## III. Селекција на кандидатите

По завршувањето на конкурсот, советот на студиската програма објавува прелиминарна ранг-листа на примени кандидати на докторските студии, за секоја студиска програма, односно потпрограма одделно.

За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, советот на студиската програма објавува посебна листа.

Листите се објавуваат на интернет-страницата на Школата за докторски студии: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=159&glavno=8

Кандидатите имаат право на приговор по листата во рок од 36 часа.

Приговорот се поднесува во Школата за докторски студии, во писмена форма до советот на студиската програма.

Советот на студиската програма донесува конечна одлуката во рок од 36 часа.

По завршувањето на постапката по приговорите, советот на студиската програма, во рок од 5 дена ја утврдува конечната ранг-листа на примени кандидати и ја доставува до Универзитетскиот стручен совет за докторски студии за потврдување.

Потврдената ранг-листа на примени кандидати е конечна и се објавува на интернет-страницата на Школата за докторски студии.
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=159&glavno=8

## IV. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

| | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 12 до 30.9.2016 |
| Објавување прелиминарни листи | 7.10.2016 |
| Одлучување по приговори | 12.10.2016 |
| Објавување конечни листи | 13.10.2016 |
| Запишување на кандидатите | 17.10.2016 |

Документите се доставуваат во:
**Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, адреса: бул. Гоце Делчев бр.9, 1000 Скопје.**

## V. Документи за пријавување

Кандидатот кој се пријавува на конкурсот поднесува:

- пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира;
- писмо за мотивација со назначување на областа на истражување и првична согласност на ментор од листата на ментори;
- кратка биографија;
- докази со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување,и тоа:
  - уверение за положени испити од прв циклус студии односно од додипломски студии
  - уверение за положени испити од втор циклус студии односно од постдипломски студии
  - диплома од прв циклус студии односно од додипломски студии
  - диплома од втор циклус студии односно од постдипломски студии
  - сертификат/ уверение за познавање на светски јазик (согласно глава III, точка 1, алинеја 5 од Конкурсот)
  - кандидатите кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), го завршиле во странство, доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус – докторски студии, како и еквиваленција на оценките доколку системот на оценување е различен од Р.Македонија.

Документацијата се доставува во фотокопија, заверена на нотар.
Пријавите на кандидатите со некомплетни документи нема да бидат разгледувани.

## VI. Документи за запишување

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

- индекс и пријавни листови;
- две фотографии (две фотографии со димензии 3,5 х 4,5 и една со димензии 2 х 3);
- потврда за уплатена **прва рата** од школарината.

Школарината се плаќа на 6 еднакви рати, на почетокот на секој семестар, во денарска противвредност. При плаќањето на **првата рата**, 250 евра во денарска противвредност примените кандидати плаќаат на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на следнава:

- сметка: 160 010 3689 788 18;
- приходна шифра и програма: 723012 41;
- банка на примач: Народна банка на Република Македонија

Остатокот од износот се плаќа на сметка на факултетот/институтот.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиските програми, како и листата на ментори, заинтересираните кандидати може да ги добијат во Школата за докторски студии.**

**Контакт информации:**

- **адреса: бул. Гоце Делчев бр.9, 1000 Скопје**
- **лица за контакт:**
  - **Весна Марковска (3293 219, e-mail: v.markovska@ukim.edu.mk)**
  - **Катерина Климоска (3293 207, e-mail: kklimoska@ukim.edu.mk )**
- **интернет-страница: www.ukim.edu.mk/doktorski_studii**

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**
**http://www.ukim.edu.mк**